# Класичните јазици во измените на наставниот план за гимназиско образование

Митко Чешларов
Биро за развој на образованието
ceslar@systasis.org.mk

По извршените анкети и разговори со родителите, учениците и наставниците во гимназиите во РМ, Бирото за развој на образование оцени, дека изминатите две години се појавиле проблеми и тешкотии во гимназиите, кои произлегуваат од бројот на часовите, оптовареноста на учениците, програмите и сл.

Поради тие причини беа предложени измени на Наставниот план за гимназиско образование, коишто ги потпиша и Министерот за образование на 06. 06. 2003 година, а се однесуваат на учениците, кои ќе се запишат во прва година, ќе продолжат во втора или трета година во гимназиите во учебната 2003/2004 година.

Со овие промени се менува и наставниот план на класичните јазици, како и начините на реализација на програмите по класичните јазици.

Измени и дополнувања на наставниот план за класичните јазици

Во прва година, според измените во Наставниот план, нема изборни предмети. Тоа значи дека и класичните јазици нема да се изучуваат во прва година.

Во втора година латинскиот јазик се јавува како изборен предмет.

Во учебната 2003/2004 година гимназиите треба да им го понудат на учениците латинскиот јазик како почетен курс (притоа да им ги презентираат и комбинациите на изборност во трета година, за да можат учениците да имаат прегледност и да можат да го планираат своето натамошно образование). Исто така, гимназиите можат да го понудат латинскиот јазик како продолжителен курс за оние ученици, кои веќе го изучувале латинскиот јазик во прва година.

Со други зборови, ученикот кој во прва година изучувал латински јазик, може да го избере и во втора година, а ќе го изучува според друга програма, односно, програмата за продолжително изучување на латинскиот јазик.

Програмите за двете нивоа на изучување - почетно и продолжително, се изготвени од страна на БРО.

Во трета година латинскиот јазик е застапен во следните комбинации од изборните подрачја:

<u>јазично-уметничко</u> -Комбинација А

општествено-хуманистичко -Комбинација А и
природно-математичко -Комбинација Б

Според тоа, изготвени се програми според состојбата, којашто може да се јави во класовите со овие измени и тоа:

– Програма по латински јазик за ученици кои го изучувале латинскиот јазик во I и II година како изборен предмет (со претходни две години на изучување на латинскиот јазик). Тие продолжуваат во трета година со неговото изучување како продолжителен во јазично-уметничкото подрачје. Во комбинациите на природно-математичкото и на општествено-хуманистичкото подрачје учениците ќе го изучуваат латинскиот јазик по нова програма, која се базира на изучување терминологија за избраните научни дисциплини.

– Програма по латински јазик за ученици кои го изучувале латинскиот јазик во I или II година по првпат (учеле латински јазик една година). Овие ученици ќе продолжат со учењето на латинскиот јазик по програмата за продолжително изучување на латинскиот јазик.

– Програма по латински јазик за ученици кои воопшто не го изучувале латинскиот јазик. Учениците ќе го изучуваат латинскиот јазик според програмата за почетно изучување. Според програмите изготвени од страна на Бирото за развој на образованието, во втора година учениците можат да го изберат и старогрчкиот јазик, како и во јазично-уметничкото подрачје во трета година.